**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**Бр. 22-1173/3**
**14.12.2021 год.**
**РАНКОВЦЕ**

Врз основа на член 62 став 10 од Закон за урбанистичко планирање(„Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/2020), градоначалникот на Општина Ранковце го издава следното :

**С О О П Ш Т Е Н И Е**
**За спроведување на јавен увид по**
**Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4-3 викенд куќа на К.П. бр.96 К.О. Одрено, Општина Ранковце**

Член 1

Се известуваат граѓаните на Општина Ранковце дека се организира Јавен увид по Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4-3 викенд куќа на К.П. бр.96 К.О. Одрено, Општина Ранковце со тех.број У-04/21 од Септември 2021 година, изработена од ДПУПИ „УРБАН ГИС" ДОО Куманово.

Член 2

Проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4-3 викенд куќа на К.П. бр.96 К.О. Одрено, Општина Ранковце се наоѓа во североисточниот дел на село Одрено и до сега не бил опфатен со урбанистичка документација.
Границите на планскиот опфат се:

- На северозапад со к.п. бр. 1565;
- На исток со к.п.бр. 94 и 95;
- На југоисток со к.п.бр. 118;
- На запад со к.п.бр. 97.

Површина на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува 3271,68 м2.
Со овој урбанистички проект се планира изградба на објект со намена А4-3 викенд куќа. Во рамките на проектниот опфат нема изградени објекти и истиот не е опремен со комунална инфраструктура.
Во границите на планскиот опфат планирана е 1 градежна парцела со следната основна класа на намена : **А4-3 викенд куќа**.

**ЈАВЕН УВИД**

На Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена А4-3 викенд куќа на К.П. бр.96 К.О. Одрено, Општина Ранковце со тех.број У-04/21 од Септември 2021 година, изработена од ДПУПИ „УРБАН ГИС" ДОО Куманово, ќе трае 15 (петнаесет) дена во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената web страна на Општина Ранковце www.rankovce.gov.mk, во период од 16.12.2021 год. до 30.12.2021 год., за кое време можат да се доставаат евентуални забелешки секој работен ден од 7:30 до 15:30 часот во просториите на одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина, ЛЕР и јавни дејности при Општина Ранковце.

Изработил,
Моме Крстевски

**ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ * РАНКОВЦЕ